ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 22 став 13 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02 ), Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Република Македонија“ број 6/12, 166/14 и 150/15), Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Република Северна Македонија” бр. 53/2021), Програмата за еднакви можности во Општина Битола за 2024 („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/23 од 26.12.2023), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЕКСПЕРТИ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Општина Битола согласно Програмата за еднакви можности 2024 година се фокусира на прашањата за економската независност на жената, како и за економско јакнење на жените. **Предмет на јавниот повик е да се приберат понуди од експерти кои ќе реализираат целни обуки наменети за жени претприемачи на локално ниво.** Целта на оваа иницијатива е да се поддржат жените претприемачи на локално ниво преку стекнување на знаења, вештини и компетенции кои се значајни при основањето и водењето на бизнисите предводени од жени.

Јавниот повик се однесува на следните позиции:

**1. Еден експерт (1) од областа на дигитален маркетинг и рекламирање на социјални медиуми**

Локација: Битола
Времетраење: 5 месеци од денот на потпишување на договорот за ангажирање
Надомест: 50.000 ден

**Опис на работни задачи:**

Експертот од областа на дигитален маркетинг и рекламирање на социјалните медиуми ќе биде ангажиран во времетраење од 5 месеци, фокусирајќи се на спроведување на активности поврзани со обуки на жени претприемачи на локално ниво. Улогата на експерот ќе биде одржување на обуки и работилници за креирање и спроведување стратегии за дигитален маркетинг насочени кон промовирање на бизниси предводени од жени, со специфичен акцент на искористување на платформите за социјални медиуми како што се Facebook, Instagram, LinkedIn.

Создавање визуелно привлечна содржина, content marketing, copywriting и рекламирање на социјални медиуми.

**Потребни квалификации**:

- Универзитетско образование (магистратура, докторат ќе се смета за предност);
- Над 5 годишно работно искуство со обуки и работилници;
- Одржани најмалку 3 обуки во областа на дигитален маркетинг и рекламирање на социјални медиуми;

**2. Еден експерт (1) од областа на компјутерско работење**

Локација: Битола

Времетраење: 5 месеци од денот на потпишување на договорот за ангажирање
Надомест: 50.000 ден

**Опис на работни задачи:**

Експертот од областа на компјутерското работење ќе биде ангажиран во времетраење од 5 месеци, со фокус на активности поврзани со обуки на жени претприемачи на локално ниво. Улогата на експертот ќе вклучува спроведување на обуки и работилници за основните алатки на Microsoft Office како што се Word, Excel и PowerPoint за креирање документи, анализа на податоци и подготовка на презентации. Дополнително учесниците ќе се стекнат и со сеопфатни насоки за користењето на алатки како што е Google Drive за ефикасно управување со документи.

**Потребни квалификации:**

- Универзитетско образование (магистратура, докторат ќе се смета за предност);
- Над 5 годишно работно искуство со обуки и работилници;
- Одржани најмалку 3 обуки во областа на компјутерското работење;

**3. Еден експерт (1) од областа на маркетинг истражувања на странски и домашни пазари**

Локација: Битола
Времетраење: 5 месеци од денот на потпишување на договорот за ангажирање
Надомест: 50.000 ден

**Опис на работни задачи:**

Експертот од областа на маркетинг истражувања на странски и домашни пазари ќе биде ангажиран во времетраење од 5 месеци, со фокус на активности поврзани со обуки на жени претприемачи на локално ниво. Улогата на експертот ќе вклучува спроведување на работилници и сесии чија цел е да ги опреми бизнисите предводени од жени со ефективни вештини за маркетинг истражување. Ова вклучува разбирање на динамиката на пазарот, спроведување на анализа на конкурентот и користење на квалитативни и квантитативни методи на истражување со цел поттик на растот и успехот на бизнисот на локалните и на меѓународните пазари.

**Потребни квалификации:**

- Универзитетско образование (магистратура, докторат ќе се смета за предност);
- Над 5 годишно работно искуство со обуки и работилници;
- Одржани најмалку 3 обуки во областа на маркетинг истражувања на странски и домашни пазари;

**4. Еден експерт (1) од областа на сметководство и финансии**

Локација: Битола
Времетраење: 5 месеци од денот на потпишување на договорот за ангажирање
Надомест: 50.000 ден

**Опис на работни задачи:**

Експертот од областа на сметководството и финансиите ќе биде ангажиран во времетраење од 5 месеци, за реализација на активности поврзани со обуки на жени претприемачи на локално ниво. Улогата на експерот ќе биде одржување на обуки и работилници за сметководство и финансии кои ќе ги обработуваат ЕЕППД (систем за електронски персонален данок на правни и физички лица), даночно советување, пополнување налози.

**Потребни квалификации:**
- Универзитетско образование (магистратура, докторат ќе се смета за предност);
- Над 5 годишно работно искуство со обуки и работилници;
- Одржани најмалку 3 обуки во областа на сметководството и финансиите;

**5. Еден експерт (1) од областа на иновации**
Локација: Битола
Времетраење: 5 месеци од денот на потпишување на договорот за ангажирање
Надомест: 50.000 ден

**Опис на работни задачи:**
Експертот од областа на иновации ќе биде ангажиран во период од 5 месеци, за реализација на активности поврзани со обуки на жени претприемачи на локално ниво. Улогата на експертот е да одржи обуки и работилници за иновации кои ги обработуваат иновациите и инвенциите, видовите иновации, процесот на иновации, иновациските проекти, развојот на нов производ, креативноста и иновативноста. Експертот треба да понуди методологија на работа како и достапни материјали за учесниците.

**Потребни квалификации:**
- Универзитетско образование (магистратура, докторат ќе се смета за предност);
- Над 5 годишно работно искуство со обуки и работилници;
- Одржани најмалку 3 обуки во областа на иновации;

**Начин на аплицирање:**
Пријавите треба да бидат поднесени на македонски јазик и треба да ги вклучуваат следните документи:
1. Биографија (CV);
2. Мотивациско писмо не подолго од 1 страна;

Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса: Општина Битола Комисија за еднакви можности ; Булевар „1-ви Мај“ бр.61; (со назнака – Пријава за јавен повик за ангажирање на експерти за поддршка на жени претприемачи) во рок од 5 дена од денот на објавување на овој повик заклучно со 22.07.2024 .
Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 5 дена од денот на донесување на одлуката на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Битола .

Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Битола го следи наменското трошење на доделените средства.

ОПШТИНА БИТОЛА

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: hristovskav@bitola.gov.mk

Бр. 09-74/1
18.07.2024
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Битола
Габриела Илиевска